**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
Бр.11-40/3 и 11-49/3
27.01.2020 год.
ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 35 став 3 и став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, и донесената Програма за изработување на урбанистички планови на Општина Гевгелија за 2020 година Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија и физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

1. **Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија и**
2. **Повторена јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија е:

- од **север** границата се движи по планираната станбена сообраќајница,
- од **исто**к продолжува по осовината на постојната улица „Деко Ковачев",
- од **југ** се движи по осовината на постоечка река и минува низ катастарските парцели КП 2563/1, КП 2767/2, КП 2775/2, КП 2775/1, КП 2787/3, КП 2787/2 и продолжува по постоечката улица,
- од **запад** по осовините на собирната улица „Западна".

Деталниот урбанистички план за блок 7.2 опшитина Гевгелија зафаќа површина од 14,76 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија ќе се одржи на ден 31.01.2020 година во 10.30 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија е:

- на **север** границата се движи по осовината на постојната сервисна улица „Слободан Митров Данко",
- на **исток** продолжува по осовината на сервисната улица „Борис Кидрич",

- на **југ** се движи по осовината на собирната улица „Маршал Тито“ и
- на **запад** по осовините на станбените улици „Гевгелиски Партизански одреди“ и „7ми Ноември“.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **24,24 ха**.

**Повторената Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија ќе се одржи на ден 31.01.2020 година во 12.00 часот во малата сала на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија и Деталниот урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија, ке бидат изложени во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

1. **Јавната анкета за Деталениот урбанистички план за блок 7.2 општина Гевгелија и** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 31.01.2020 година до 17.02.2020година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**
2. **Повторената Јавната анкета за Деталениот урбанистички план за блок 1.2, 2.1 и 2.2 КО Гевгелија, општина Гевгелија и** ќе трае 5 работни дена и тоа **од 31.01.2020 година до 10.02.2020година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Градоначалник на
општина Гевгелија
**м-р Сашо Поцков**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА *